# С О О П Ш Т Е Н И Е

На ден 29.03.2023 година, се склучи Меморандум за соработка помеѓу Основен суд Битола и Меѓународниот Славјански Универзитет (МСУ) „Гаврило Романович Државин“ Свети Николе - Факултетот за правни науки.

Основната цел на Меморандумот е овозможување на студентите од Факултетот за правни науки, во рамки на образовниот процес преку практична настава да се запознаат со работата на судот како и да стекнат потребни знаења и вештини што ќе им помогнат во нивните идни професионални ангажмани насочени кон унапредување на едукативните, истражувачките и апликативните активности од областа на судството.

Преку соработката на судот со средните училишта и со високообразовните институции се очекува да се реализираат заложбите за отворено судство и граѓанско учество со зголемен пристап на младите сограѓани во однос на работата на Основниот суд Битола, чија главна цел е зајакнување на довербата на граѓаните во остварување на заштита на нивните права.

**ОСНОВЕН СУД БИТОЛА**